Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 29.08.2022

Вчера (28 август) во 16 часот и 45 минути, во гостиварска Топлица, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, со судска наредба, го привеле 25-годишниот И.Ч. од Тетово за издржување на затворска казна, по што бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово.

Денеска (29 август) од 04 до 07 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои под дејство на алкохол управуваат возила што вршат јавен превоз на патници. При контролата откриени и санкционирани се 2 возачи (ТЕ-1 и ГВ-1), кои водаш биле исклучени од сообраќај, на кои времено им се одземени возачките дозволи и им се изготвени законски предвидените поднесоци.Санкционирани, исто така, се и 4 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-1), во кои биле инволвирани возачи на автобуси, комбиња, товарни и такси возила.

На 28.08.2022 во 18.25 часот било пријавено дека на магистралниот пат Штип-Делчево кај место викано "Сланечки дол" патничко моторно возило "голф" со кочански регистарски ознаки, управувано од Г.Ц.(37) од Винница, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот, констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

Денеска (29.08.2022) во 10.20 часот во с.Синделиќ-скопско, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода З.В.(49) од с.Синделиќ. За него била распишана централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од пет години за сторени кривични дела "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и "недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". Тој ќе биде предаден на надлежната казнено поправна установа.

Во текот на вчерашниот ден (28.08.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возача кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 502 возачи. Од нив 33 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а девет возила се движеле со дурж над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 263 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 239 надвор од населено место.

На 28.08.2022 во 21.15 часот било пријавено дека во Велес на крстосницата од ул."Алексо Демиревски", ул."Вардарска" и ул."Наум Наумовски" се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотошиот "пејаџо Беверли" со велешки регистарски ознаки, управуван од Н.Б.(43) од Велес и патничко моторно возило "шевролет круз" со германски национални ознаки, управувано од Д.Н.(49) од Германија. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатиран во Општата болница во Велес. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Велес.

На 28.08.2022 полициски службеници од СВР Битола-ОВР Прилеп го лишиле од слобода Х.П.(23) од Прилеп. При преглед кај него на ул.„Карпалак", во близина на железничката станица, пронајдена и одземена е марихуана. По документирање на настанот против лицето ќе следува соодветна пријава.

На 29.08.2022 околу 02.15 часот полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Г.Ж.(41) од Р.Србија, Д.П.(37) и Т.Т.(40) двајцата од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При извршена контрола на автомобил управуван од Т.Т, кај истиот е пронајден и одземен кокаин. Лицата се приведени во полициската станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово вчеравечер (28 август) околу 21 часот и 30 минути, во тетовско Горно Јорашје, го лишиле од слобода 28-годишниот В.Х. од ова тетовско село, затоа што при негов и преглед на патничко моторно возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена марихуана.Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок по член 215 од Кривичниот законик за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори".

На 28.08.2022 во 11.00 часот било пријавено дека во с.Русиново-беровско патничко моторно возило "сузуки свифт" со штипски регистарски ознаки, управувано од С.С.(55) од с.Русиново излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.С. констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 28.08.2022 во СВР Куманово било пријавено дека во 12.30 часот, на пат помеѓу с.Гиња и с.Студена бара, настанал пожар во патничко моторно возило „Фолксваген голф" со струмички регистарски ознаки, сопственост на М.Т. (27) од Скопје. Од пожарот била зафатена и сува трева, дворно место и куќа сопственост на Л.Г.. Противпожарна бригада Куманово го изгаснала пожарот. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против М.Б. (36) од с.Сојмирово, Берово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". На 23/24.06.2022 пријавениот пуштил во оптек две фалсификувани банкноти, во вредност од по 100 американски долари, со исти сериски број, притоа давајќи ги во замена за 10.000 македонски денари на В.В. од Берово, кој откако се обидел да ги замени во банка во Берово, било утврдено дека банкнотите се фалсификувани.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против М.Л. (33) од Свети Николе, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 07.08.2022 во Свети Николе во двор од куќа, по претходна расправија пријавената со нож се заканила дека ќе ја убие нејзината соседка В. Ч..

На 28.08.2022 во СВР Скопје било пријавено дека во 17.52 часот во Казнено-поправна установа Идризово – Скопје, вработен од затворската полиција бил физички нападнат од осуденикот А.Ѳ(33) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во изминатите осум месеци од 2022 година, на подрачјето на СВР Тетово вкупно бил откриен 381 возач кој управувал под дејство на алкохол (ТЕ-285 и ГВ-96).Сите биле исклучени од сообраќај и им биле изготвени соодветни поднесоци по член 228 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.Според овој член од Законот, паричните глоби за управување под дејство на алкохол се движат од 225 до 375 евра во денарска противвредност. Покрај тоа, предвидена е и заштита нерка-времено одземање на возачката дозвола од три месеци до една година.За оние возачи кои при контрола ќе одбијат да се алкотестираат паричната глоба изнесува 500 евра во денарска противвредност.

Во периодот од 22.08.2022 до 28.08.2022 Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на неисполнување на пропишаните услови во однос на затемнувањето на стаклата на возилата. При контролата санкционирани се 27 ученици во сообраќајот. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

СВР Скопје-Единицата за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против И.М.(31) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "фалсификување исправа" по чл.378 од КЗ на РСМ. Имено пријавениот во текот 2021 година, иако знаел и бил свесен дека нити полагал нити се стекнал со валидна возачка дозвола за управување со моторни возила од "Б" категорија, набавил фалсификувана возачка дозвола и ја употребил.

На 28.08.2022 во 19.30 часот М.М.(32) од Скопје пријавил дека околу 17.00 часот на подрачјето на Гази Баба по претходна расправија во сообраќај бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.08.2022 во 19.20 часот Е.Д.(48) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од соседите М.И.(31) и Ф.И.(37) двајцата од Скопје. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.08.2022 во 02.45 часот било пријавено дека околу 02.15 часот во угостителски објект во Гевгелија бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу И.Л. (25) и С.Д. вработен во објектот двајцата од Гевгелија. Исто така на 28.08.2022 во 03.00 часот А.Ч.(41) од Гевгелија пријавил дека околу 02.15 часот во угостителски објект во Гевгелија, при нарушен јавен ред и мир со меѓусебна пресметка неговата малолетна ќерка била физички нападната од И.Л.(25) и С.Д., двајцата од Гевгелија. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Ј.Н. (56), поради постоење основани сомнение за сторено кривично дело „давање поткуп". На 09.08.2022 околу 08.30 часот, во фирма во Свети Николе пријавениот на вработена и дал пари наменети за комисијата за полагање и за управителот, како подарок за полагање на возачкиот испит на неговата ќерка, а откако вработената одбила, пријавениот ги зел паните и заминал.

Во периодот од 22.08.2022 до 28.08.2022 спроведена е засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 281 возач. Од нив, 185 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 57 возеле без возачка дозвола, три мотоцикли се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава, а санкционирани се и други прекршоци.

На 28.08.2022 во 22.10 часот во СВР Куманово, било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" - Скопје со здобиени повреди од дијабола од воздушна пушка е донесен малолетник од с.Ваксинце, кумановско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на вчерашниот ден (28.08.2022) на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 57 возачи. Од нив 38 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 19 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 29.08.2022 во СВР Скопје било пријавено дека во 02.35 часот на паркинг на подрачје на Бит Пазар, настанал пожар во патничко моторно возило „пасат" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Х.Б. (26) од Скопје, а од огнот биле делумно зафатени и товарно моторно возило „форд" и патничко моторно возило „фолксваген". Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 28.08.2022 во 12.10 часот во с.Морани-скопско од полициски службеници од Полициската станица Драчево бил лишен од слобода Х.Т.(20) од с.Студеничани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "тешка кражба". Имено, при извршен преглед во патничко моторно возило „пасат", кое пријавениот го управувал, и во кое било и уште едно женско лице, биле пронајдени предмети од извршени кривични дела. По целосно документирање на случајот против Х.Т. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.08.2022 во 22,00 часот во Полициска станица Охрид, 17 годишна охридјанка пријавила дека во април 2022 во близина на маркет во Охрид А.Ј. (кого го познавала од претходно) физички ја нападнал и ја бакнувал, а се обидел и да ја допира по телото, но таа го спречила и се одалечила од местото на настанот, а потоа во јуни 2022 година во угостителски објект во Охрид А.Ј. физички ја нападнал. За настанот е известен јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2022 во 17.45 часот на Граничен премин „Кафасан" од полициски службеници приведени се Е.Л.(22) и З.И.(27), двете од Русија, затоа што по извршени гранични проверки констатирано е дека истите незаконски престојуваат во државата односно им истекла важноста на издадената виза, спротивно на член 147 став 1 алинеа 4 од Законот за странци. Тие се предадени на полициски службеници од Одделение за прекугранично криминал, миграции, странци и редамисија при РЦ за ГР Запад за натамошна постапка.

На 29.08.2022 во 02.10 часот во с. Василево, струмичко од полициски службеници од СВР Струмица лишен од слобода е И.М.(31) од с. Просениково, струмичко, затоа што во Полициска станица Струмица А.В.(53) од с.Василево пријавил дека околу 01.00 часот И.М., заедно со Б.В. и В.Р., сите од с. Просениково, кои ги познавал, со запалила течност предизвикале пожар на врата од негова куќа во с.Василево. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Д.Б.(29) од Битола, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 28.05.2021 на регионален пат Кичево–Битола, кај с. Свињишта, при преглед на возило управувано од А.М. од Битола, во кое совозач бил пријавениот, кај него е пронајдена наркотична дрога кокаин.